# БРИФ ОД ДЕБАТИ
# НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПОДМЛАДОЦИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ:



# ПАТОКАЗ
# ЗА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ
# 2024

British Embassy
Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

WFD

Во март 2024 година, Фондацијата за демократија на Вестминстер во рамките на проектот

## „ПРАКТИКУВАЈ ДЕМОКРАТИЈА“

поддржан од Британската амбасада во Скопје, организираше два настани каде централно место имаа младите на кои се дискутираше за политиките кои се потребни да се подобри животот на оваа демографска група во земјата.

На настанот „Патоказ за младите“, претставници на младински организации ги презентираа своите препораки за политики за млади во областите: младински стандард, квалитет на образование, еднакви можности и младинско учество. На јавната дебата меѓу подмладоци на политички партии се дебатираше на две теми: политиките за млади и демографските трендови во земјата. Овој бриф ги сумира препораките и идеите искажани на овие настани од младите за тоа што е потребно да работат институциите за подобрување на животот на нивните млади сограѓани во земјата. Брифот не претендира да даде целосна слика на сите приоритети за младите, но обезбедува сумација на тоа што овие младински организации и подмладоци на политички партии, сметале дека е приоритет за младите на почетокот на 2024 година.






## РЕЗИМЕ ОД ПРЕПОРАКИ НА МЛАДИНСКИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**На настанот Патоказ за младите, одржан на 1 март 2024 година, претставниците на младинските организации, презентираа свои гледишта за приоритетните области во кои треба да се делува за подобрување на животот на младите. Воведничари на настанот беа претставници на организациите: Здружение за истражување и анализи (ЗМАИ), Младите можат, Младински образовен форум, Форум за образовни промени (FECH), Сојуз за младинска работа, Младинско здружение на глуви и наглуви „Млад знак", Национален младински совет на Македонија и Коалиција на младински организации СЕГА, а во дискусијата се вклучија и други организации и подмладоци на политички партии.**



**Препораките од настанот беа следниве:**

### ОБРАЗОВАНИЕ

- Воведување на пракса за сите ученици во формалното средно образование, која нема да биде ограничена само за средните стручни училишта.
- Вложување во редовни обуки за подобрување и осовременување на капацитетите и знаењата на наставниот кадар.
- Навремена изработка, достава и диструбуција на учебниците.
- Набавка и обезбедување на едукативни материјали, помагала и опрема во училиштата, особено во стручните средни училишта.
- Реконструкции и реновирања на училиштата кои се во лоша состојба, со цел обезбедување пристојни услови за образование.
- Реконструкција на студентските домови со цел обезбедување пристојни услови за домување и едукација.
- Обезбедување на образовни асистенти и поддршка на воспитно-наставниот кадар за работа со ученици со попреченост.
- Обезбедување наставен кадар и редовно образование за младите во воспитно-поправните домови кои имаат ограничен пристап до настава и застој во своето образование.
- Грижа за обезбедување на ресурси во училиштата во помалите градови и руралните средини, за поголема рамноправност на можностите за сите млади, вклучувајќи ги и оние надвор од главниот град.
- Дигитализација на високото образование преку обезбедување онлајн можност за вршење на уписи, заверка на семестри, електронски индекс и други услуги од студентски прашања.
- Преземање мерки за сузбивање и справување со корупцијата во високото образование.
- Интернационализација на високото образование и поврзување на домашните универзитети со други универзитети во странство.
- Креирање на долгорочна стратегија за ефективно поврзување на високо-образовните институции со пазарот на труд.
- Реално вработување во јавниот сектор за студентите кои успешно ги завршиле студиите во странство со државна стипендија.
- Доследно спроведување на предвидените мерки и политики во областа на образованието во пракса.

### ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

- Младински центри и буџети за млади да бидат обезбедени во сите општини и онаму каде што има помал број млади жители, затоа што во тие општини е уште поургентно да се обезбедат можности за младите.
- Грижа за младите со попреченост, како и младите кои доаѓаат од групи под социјален ризик, за кои моментално речиси и да нема наменски политики.
- Обезбедување на можности за академски напредок за лицата со попреченост и продолжување во високо образование за оние млади со попреченост кои имаат желба да се стекнат со високо образование.
- Унапредување и измени на Законот за употреба на знаковниот јазик со цел подобро адресирање на потребите на глувите лица.
- Обезбедување на програми за младите лица со попреченост од страна на Агенцијата за млади и спорт и соодветни финансии за истите.
- Доследно спроведување на донесените политики за млади и одвојување на адекватен буџет за младинските политики.



## МЛАДИНСКИ СТАНДАРД

- Продолжување на политиката „Младинска гаранција" и нејзина популаризација како мерка за подобрување на младинскиот стандард и вработување.
- Воведување на содржини за поттикнување на претприемништвото во формалното образование.
- Издигнување на прашањето на младинскиот стандард преку донесување на Законот за младински стандард.
- Наменски политики за подобро информирање на младите и нивна подобра информираност за мерките кои се однесуваат на нив и како да ги користат.
- Градење политички и надпартиски консензус околу прашањата од интерес на младите и политиките кои ги засегаат во областите: образование, вработување, здравје, култура, домување и други сфери.

## МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

- Мејнстримирање на младинските прашања и учество во другите сектори и политики кои се одразуваат на животот на младите.
- Воведување на систематска годишна консултација со формите на младинско организирање и младинските организации од страна на Владата.
- Подобрување и измени на Законот за младинско учество и младински политики во консултации со младите.
- Целосна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, како што е воспоставување на собранието за млади и избор на националното советодавно тело.
- Обезбедување поддршка за формирање на локални младински совети на општинско ниво.
- Гарантирање и уредување на ученичкото организирање во Законот за средното образование.
- Преземање на политики и мерки за вклучување на младите жени и маргинализираните групи во процесите на политичко консултирање и одлучување.
- Креирање на соодветни демографски политики кои ќе ги адресираат факторите кои влијаат на младинската емиграција.
- Водење јасна, редовна и достапна комуникација од страна на институциите кон и со младите.
- Обезбедување поддршка за младинските организации во земјата.



## РЕЗИМЕ ОД ПРЕДЛОЗИ НА ПОДМЛАДОЦИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

**На настанот Дебата меѓу претставници на подмладоци на политички партии, одржан на 7 март 2024 година, претставници на 11 подмладоци на политички партии ги презентираа своите гледишта и намери за делување за подобрување на животот на младите. Во дискусијата се вклучија и други подмладоци и претставници на младински организации.**



**Препораките и заложбите од подмладоците беа:**

### ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ

- Повеќе подмладоци на политички партии ја потенцираа потребата од измени на Законот за младинско учество и младински политики, како и негово доследно спроведување.
- Поедноставување на процедурите за формирање и воспоставување на локални младински совети, преку измени во Законот за младинско учество и младински политики, а со цел подобра имплементација на законот и олеснување на процедурите за повеќе формирани локални младински совети.
- Подобрено и зголемено буџетирање за спроведување на младински политики и Законот за младинско учество и младински политики од страна на институциите.
- Доследно спроведување на новоусвоената Национална стратегија за млади 2023-2027 година.
- Поддршка при формирањето на локалните младински совети и зголемување на нивниот број, од сегашните две третини од локални самоуправи во земјата.
- Ажурност и одговорност на институциите да именуваат службеници за млади. Работа на професионализацијата на позицијата службеник за млади и капацитетите на лицата кои работат на оваа позиција.



- Преземање на други мерки за адресирање на ниското младинско учество.
- Поддршка и продолжување на спроведувањето на Младинска гаранција е нешто што го истакнаа претставници на повеќе подмладоци, како политика која обезбедува вработување, преквалификација и обуката на младите лица.
- Воведување на програми за вработување на најдобрите и најуспешните студенти од јавните универзитети.
- Воведување на политика за 0% персонален данок за млади лица.
- Отворање на Центар за професионални квалификации и Фондација за млади.
- Воведување на практична настава во формалното средно образование за сите ученици.
- Започнување нови програми за поддршка на претприемништвото.
- Поддршка и промоција на платена пракса за млади.
- Воведување на „младински додаток“, како дополнителни средства за младите лица.
- Поддршка на студентското и ученичкото организирање.
- Воведување на средношколското организирање во Законот за средно образование. Формирање на средношколски заедници во средните училишта.
- Обезбедување соодветни услови за настава на јавните факултети и решавање на прашањето на простории на оние факултети чии објкети се во изградба.
- Обезбедување на разбирливи и достапни информации за младите луѓе од страна на институциите.
- Разбирање на прашањата кои ги погодуваат младите како прашања за надпариски консензус и соработка.

## ДЕМОГРАФСКИ ТРЕНДОВИ ВО ЗЕМЈАТА

- Воведување на политики за олеснување на можностите на младите за самостојно домување, како финансиска поддршка при купување на станови за млади.
- Отворање на младински хабови со цел поддршка на претприемништвото, едукацијата и иновацијата кај младите луѓе.
- Политики за унапредување на квалитетот на образованието и стекнатите знаења и вештини.
- Креирање на стратегија за миграции на државата за справување со миграциските трендови.
- Обезбедување на бесплатно здравствено осигурување за сите млади лица на возраст до 29 години.
- Ослободување од персонален данок за млади и обезбедување на даночни олеснувања при вработување на млади лица.
- Ослободување од плаќање на административна такса за млади лица.
- Стимулирање на јавно-приватни партнерства.
- Обезбедување бесплатни обуки за усовршување во занаетчиските дејности.
- Ослободување на персонален данок во ИТ индустријата.
- Поддршка за образование во областите каде има дефицитарен кадар.








Holiday Inn




DEMOCRACY
WORKS
WFD








WFD
Holiday Inn





*Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада*